Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-55/1
11-01-2023 година

Постапувајќи по претставката со архивски бр. 08-651/1 од 12.12.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација во областа на работа и работни односи против Министерство за одбрана Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 11.01.2023 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката со архивски бр. 08-651/1 од 12.12.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација во областа на работа и работни односи против Министерство за одбрана Скопје **поради неуредност.**

## Образложение

На 12.12.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] против Министерство за одбрана Скопје за сторена дискриминација во областа на работа и работни односи.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 26.12.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Бидејќи во претставката, подносителот нема наведено опис на настанот, со барањето беше задолжен да ја доуреди претставката, во насока што јасно ќе образложи за настанот на дискриминација односно ќе ги наведе околностите и фактите врз кои се темели претставката како и ќе дополни по кој основ смете дека е дискриминиран.

Подносителот не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД